# МЛАДИ ВО КРИЗА 2.0

## Ефекти од пандемијата врз младите и препораки до институциите

Март 2021



# ВОВЕД

## ШТО Е „МЛАДИ ВО КРИЗА 2.0“?

„Млади во криза 2.0 – Ефекти од пандемијата врз младите и препораки до институциите“ е документ кој е резултат на работата на 12 граѓански организации што директно работат со млади и дејствуваат за креирање на квалитетни младински политики.

Од почетокот на пандемијата, оваа мрежа на организации постојано ги следи промените и креира препораки за олеснување на последиците предизвикани здравствената и општествена криза. Во април 2020 година, мрежата го создаде документот „Перспектива: Млади во криза – итни препораки за намалување на негативните ефекти од КОВИД-19 кризата врз младите“[1]. Документот беше доставен до надлежните институции, а дел од препораките се преточија во мерки за млади. Сепак, здравствено-економската криза продолжува да постои, а младите се една од значајно погодените групи во Северна Македонија. Оттаму, како организации бевме решени да вложиме подлабоки напори во анализа на мерките кои беа наменети за  млади, економските ефекти врз младите и да подготват нова серија препораки преку кои ќе се намалат негативните ефекти, од денешна перспектива.

За младите луѓе, особено за оние што се припадници на ранливите категории, КОВИД-19 кризата предизвикува особени проблеми во областите на образованието, вработеноста, менталното здравје и расположливиот доход. Дополнително, додека младите и идните генерации ќе ги претрпат најмногу економско-социјалните последици од кризата, нивната благосостојба може да биде подобрена преку кратко-рочни економски и правични решенија.

Оттука, во отсуство на систематизирани податоци за чекорите кои ги преземаат државните институции текот на пандемијата, но и анализа каков е нивниот импакт врз младите како категорија, овој документ содржи анализа на политиките за млади како и финансиска анализа за ефектите од кризата врз доходите на младите. Финално, документот содржи препораки кои ќе се достават и застапуваат пред институциите, препораки кои беа организирани преку работни средби на мрежата на граѓански организации од кои произлегоа конкретните итни предлози и барања до институциите.

Овој документ како и реализацијата на средбите со младинските организации – членки на иницијативата „Млади во криза“, ХЕРА, Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД), Сојузот на извидници, Младински сојуз – Крушево, Еквалис, Писхотерапика, ХОПС, Националниот младински сојуз на Македонија,  Хелсиншкиот комитет за човекови права и

[1] Документот Перспектива: Млади во криза од април 2020, е достапен на линкот: https://mof.mk/wp-content/uploads/2020/04/1.-Mladi-vo-kriza-itni-preporaki-do-institutsiite-predlog-preporaki-1.pdf

АРНО - беа направени под фасилитација на Младински образовен форум (МОФ), во соработка со Реактор – Истражување во акција и Здружение за истражување и анализи (ЗМАИ).

Овој документ служи да ги информира институциите, младинските организации, медиумите и јавноста за начините на кои пандемијата ги погоди младите, преземените мерки и препораки за подобрување на ситуацијата. Овој документ е скратена верзија од подетална анализа. Организациите зад овој документ искажуваат отвореност и достапност за средби со институциите и сите засегнати и заинтересирани чинители, за подетално претставување на препораките и изнаоѓање решенија.

*Процесот на креирање на документот и анализите беше поддржан од Фондацијата за демократија на Вестминстер преку Иницијативата за демократија на Западен Балкан. Содржината на овој документ не ги одразува ставовите или мислењата на Фондацијата за демократија на Вестминстер или Британската влада.*

WFD WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

Western Balkans Democracy Initiative

Funded by UK Government

# ПРВ ДЕЛ: ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ И ПОЛИТИКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ЕФЕКТИ ОД КОВИД - 19 КРИЗАТА ВРЗ МЛАДИТЕ

## Реактор – Истражување во акција

### Промени во секторот образование за време на пандемијата

Една од првите големи промени во животот на младите поради пандемијата се случи во образованието. На 30 април 2020 година, министерот за образование и наука (МОН) објави дека учениците од основните и средните училишта ќе ја продолжат наставата со далечинско учење до крајот на училишната година, односно до 10 јуни 2020 година. На истата прес-конференција беше соопштено дека државната матура за средношколците за учебната 2019/2020 година, нема да се спроведува и дека матурантите кои требало да полагаат матура во овој период ќе можат да се запишат на високообразовните установи кои се стекнале со диплома за завршено четиригодишно средно образование во оваа учебна година[2]. Во периодот на летниот распуст (јуни-август), Реактор – Истражување во акција, со финансиска поддршка од UKAID и УНИЦЕФ и во соработка со МОН и Бирото за развој на образованието спроведе истражување за искуствата и ставовите во врска со учењето на далечина. Повеќе од половина (54%) од наставниците забележале зголемување на бројот на ученици и ученички кои имаат потешкотии или не успеваат да го научат тоа што им било предавано. Мнозинството наставници, 77% во некој момент за време на учењето на далечина, не можеле да стапат во контакт со некои од нивните ученици. Пристапот до интернет и до компјутерска опрема, исто така, беше пречка за некои домаќинства каде 37% од родителите изјавија дека децата мора да делат лаптопи или компјутери со други членови на семејството, а други изјавија дека немаат стабилен интернет додека пак само 5% изјавија дека немаат пристап до лаптоп или компјутер. Мнозинството анкетирани директори на училишта, наставници и родители беа за повторно отворање на училиштата со настава во училница или комбиниран модел на настава во училница и на далечина[3]. Покрај ваквите потешкотии во учењето на далечина, со цел на зачувување на здравјето на граѓаните и спречување на ширењето на вирусот КОВИД-19, Владата на Република Северна Македонија на 11 август 2020 година ја усвои информацијата за креирање на „План за одржување на настава во основните и средните училишта за учебната 2020/2021“[4]. По воспоставувањето на новата Влада, кој беше усвоен

---

[2]Прес-конференција на министерот на Министерството за образование и наука, одржана на 30.4.2020 година, достапна на https://vlada.mk/node/21239?ln=mk

[3]Соопштение на УНИЦЕФ Северна Македонија, објавено во август 2020 година, достапно на https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/mnozinstvoto-direktori-na-ucilista-nastavnici-i-roditeli-go-poddrzuvaat-povtornoto-otvoranje-na-ucilistata, прелиминарните податоци од истражувањето изработено од Реактор – истражување во акција е достапно тука, објавено во јули 2020 година https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/media/6886/file

[4] 80-та седница на Владата на РСМ, одржана на 11.8.2020 година, достапно на https://vlada.mk/sednica/2020-80

на првата седница на новоформираната Влада“[5]. Планот предвидува мешан модел на формално образование, односно комбинација на физичко присуство и далечинско учење во основните и средните училишта. Според планот, учениците од прво до трето одделение следат настава со физичко присуство, додека учениците од четврто до деветто одделение учат на далечина и со физичко присуство. Физичкото присуство се одобрува од страна на основачот/Министерството за образование и доколку се исполнуваат строгите критериуми согласно со протоколот за настава со физичко присуство.

Во ноември 2020 година, средношколците побараа повторно укинување на државната матура за учебната година 2020/2021 година и доколку не се случи тоа најавија нови протести[6]. Повторните протести одржани на почетокот на декември и најавите за бојкот на наставата во текот на јануари и февруари, не го променија ставот на Министерството за образование и наука за укинувањето на државната матура за учебната година[7]. Во текот на месец февруари 2021 година беше постигнат договор помеѓу Сојузот на средношколци за модифицирање на државната матура каде што учениците ќе полагаат два екстерни и два интерни предмети[8], додека пак согласно со Протоколот за реализирање на државната матура, првата сесија од полагањето ќе започне на 5 јуни, додека пак втората августовска испитна сесија ќе започне на 11 август[9].

## Анализа на мерки за млади за време на пандемијата во Република Северна Македонија

Во однос на владините уредби со важност на закон, во три изречно се наведени младите како категорија од интерес, односно:

1. „Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба“[10].
2. „Уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредната состојба“[11].
3. „Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и

[5] 1-ва седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1.9.2020, достапно на https://vlada.mk/sednica/001

[6] „Средношколците против одржување на државната матура, најавуваат протести“, Канал 5 телевизија, објавено на 28.11.2020, достапно на https://kanal5.com.mk/srednoshkolcite-protiv-odrzhuvanje-na-drzhavnata-matura-najavuvaat-protesti/a450101

[7] Соопштение на МОН, објавено на 11.12.2020, достапно тука https://mon.gov.mk/m/content/?id=3573

[8] https://www.radiomof.mk/mon-drzhavniot-maturski-odbor-go-prifati-predlogot-drzhavnata-matura-da-se-sostoi-od-dva-eksterni-i-dva-interni-ispiti/

[9] https://www.radiomof.mk/donesen-protokolot-za-realiziranje-na-drzhavnata-matura/

[10] Анализа на донесените уредби со законска сила за време на вонредната состојба 2020, Blueprint група за реформи во правосудството, достапно на https://cutt.ly/OkW2A9L. Конкретната законска уредба: Одлука на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 137/20)

[11] Одлука на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” број 152/20)

партиципација на трошоците од приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба“.[12]

Уредбата за финансиска поддршка на млади лица беше наменета за млади во формалниот процес на образование, студенти и средношколци на државните универзитети и средни училишта, како и за други лица од ранливи категории со низок или никаков доход. Самата уредба предвидуваше неколку степени на износ што треба да им биде префрлен на специфичните групи наведени во неа. Во однос на целната група млади, уредбата не ги опфаќа сите млади, туку оние кои се во формалниот образовен процес, односно студенти на додипломски, постдипломски и средношколците на возраст од 16 до 29 години заклучно со 22 мај 2020 година. Владата очекуваше со ваквиот пристап да поттикне потрошувачка кај младите кои се дел од формалниот образовен процес и тоа 87.014 млади да добијат еднократно 3.000 денари[13]. За оваа мерка биле предвидени 270.942.000 денари, а искористени биле 242.349.000 денари. Вкупно 80.783 млади лица, односно средношколци и студенти, биле корисници на оваа мерка и добиле 3.000 денари[14].

Мерката „купувам домашно“ за средношколци и студенти, како и за други ранливи категории на граѓани со низок или никаков доход, беше повторно реализирана во текот на декември 2020 година. За време на првото спроведување, пристигнале 70.000 приговори од граѓани кои не успеале да бидат опфатени со првичната мерка[15]. При втората итерација, мерката ги опфаќаше младите кои биле испуштени во претходниот пакет економски мерки, согласно со евиденцијата на Министерството за образование и наука, додека висината на средствата се зголеми на 6.000 денари[16].[17]

Втората уредба за ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини за подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот имаше за цел да им помогне на младите во реинтегрирањето во пазарот на трудот пост економската криза и во „новата развојна економија“[18]. Ваквата уредба предвидуваше ваучери за млади од 16 до 29 години во вредност до 30.000 денари за кофинансирање за обуки за ИТ и дигитални вештини. Вкупниот буџет на оваа мерка е 150.000.000 денари, од кои 47.524.080 денари биле

---

[12]Со одлука на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 157/20)

[13]Прес-конференција на министерката на Министерството за финансии, 10.6.2020 година, достапно на https://vlada.mk/node/21691

[14]Одговор на прашање поставено по пат на слободен пристап до информации, одговорено од Министерството за финансии

[15]Прес-конференција на министерот на Министерството за економија, 22.12.2020 година, достапно на https://a1on.mk/economy/bekteshi-so-kupuvam-domashno-ja-pottiknuvame-potroshuvachkata-kako-vazhen-del-od-bdp/

[16] Информации достапни на https://www.kupuvamdomasno.gov.mk/mk/info

[17]Информации добиени по пат на слободен пристап до јавни информации од Министерството за труд и социјална политика

[18] Терминот нова развојна економија беше претставен прес-конференција на советникот на премиерот за третиот пакет економски мерки Фатмир Битиќи, објавено на 18.5.2020 година, достапно на https://vlada.mk/node/21431

реализирани до крајот на 2020 година. Оваа мерка ја искористиле 2.136 млади до 29 години[19].

Третата владина уредба предвидуваше субвенционирање на студенти со цел да се даде поддршка на студентите кои доаѓаат од семејства со ниски примања и да олеснат трошоците за домување и школување. Според информациите добиени од институциите, оваа мерка била искористена од 972 млади кои доаѓаат од семејства со ниски приходи. Вкупниот буџет за оваа мерка беше 6.000.000 денари, од кои 5.784.000 денари биле искористени за покривање на трошоците за партиципација на универзитетите, а 84.000 денари биле искористени за партиципација за сместување во студентски дом[20].

Покрај уредбите, Владата се обиде преку „чадор политики" и мерки да опфати што поголем број на луѓе, без специфичен пристап кон конкретни демографски групи. Еден од главните ефекти од кризата се појави врз вработувањето на младите. Имено, младите во значително поголем број ги изгубија своите работни места, поточно стапката на невработеност кај младите од првиот квартал од 2020 година која изнесуваше 27.3% брзо се зголеми за скоро 4% поени во квартал 3 од 2020 година на 31.2%. Стапката на вработеност кај младите во првиот квартал на 2020 година изнесувала 35.7%, а во третиот квартал изнесувал 32.3%[21].

Мерките на Владата пробаа да го антиципираат ваквиот тренд на пазарот на трудот со мерката наречена „Државата спасува работни места, 14.500 денари месечно по вработен за април и мај, за компании погодени од кризата или 50% од трошоците за придонеси за секој вработен"[22]. Иако првичниот план за оваа мерка се однесуваше за месеците април-мај, истата продолжи се до крајот на годината. Ваквиот пристап се обиде да ги зачува работните места, со што Владата се обиде да спаси вкупно 250.000 работни места без разлика на возрасните граници[23], но се чини дека оваа мерка не беше доволно насочена и за зачувување на дел од работните места на младите.

Во антиципирање или одговор на загубата на работните места, Владата ја донесе мерката „Паричен надоместок за граѓаните што останале без работа поради кризата, согласно со работниот стаж преку Агенцијата за вработување". Право на ваков паричен надоместок имаа вработени кои биле во работен однос девет месеци континуирано без прекин или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци[24]. Агенцијата за вработување во периодот од март до септември 2020 година евидентирала 14.819 лица кои загубиле работа од кои 3.437 биле млади[25].

---

[19] Информации добиени од страна на Министерството за образование и наука во февруари 2021 година со користење на правото на пристап до јавни информации

[20] Информации добиени од страна на Министерството за образование и наука во февруари 2021 година со користење на правото на пристап до јавни информации

[21] Податоци добиени од страна на Министерството за труд и социјална политика преку слободен пристап до информации

[22] Мерка 1 од мерките на Владата на Република Северна Македонија достапни https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19

[23] Прес-конференција на техничкиот претседател на Владата на Република Северна Македонија, објавено на 2.4.2020 година, достапно на https://vlada.mk/node/20837

[24] Мерка 4 од мерките на Владата на Република Северна Македонија достапни https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19

[25] Информации добиени по пат на барање на слободен пристап за јавни информации од Агенцијата за вработување

Во текот на декември 2020 година, Владата на Република Северна Македонија на 28-та седница донесе дополнителни мерки за поддршка во справувањето со последиците од кризата со КОВИД-19[26]. Овие мерки беа насочени кон поддршка на различи субјекти, меѓу кои и младинските организации. Една од мерките беше конкретно насочена за помош на младинските организации „Субвенционирање на плати на вработени во 48 младински организации и организации за млади од 21.776 денари месечно, за 2 месеца и за хонорарно ангажираните лица во овие организации. Временскиот период за оваа мерка се однесуваше за месеците ноември и декември. Вкупно 42 организации ја искористија оваа мерка, а беа опфатени 250 вработени во младинските форми на организирање. За оваа мерка беа искористени 9.177.170 денари[27].

## Заклучок

Од добиените податоци за анализата можеме да заклучиме дека пристапот на Владата на Република Северна Македонија на почетокот на кризата се движеше во насока на „чадор политики“ каде сите сектори, работни места и дополнителни мерки ќе бидат под капата на единствени мерки. Ваквиот пристап ги стави во втор план специфичните услови во кои младите работници дејствуваат, како и долгорочно невработените млади.

Мерките предвидени за младите, се значајно искористени од младите и во приближна мера соодветствуваат со планираните средства предвидени за мерките. Во идни мерки од ваков тип, важно е да се земе предвид финансиската состојба на младите за поголем импакт на мерките кај загрозените групи, информираноста на младите и постапувањето по приговори.

Зголемената младинска невработеност и намалените приходи, во комбинација со честите хонорарни или неформални работни ангажмани, што ги ставаат младите во понеповолна позиција и директно да ја почувствуваат кризата, а не секогаш да можат да ги искористат мерите поради природата на нивните ангажмани. Научните теории предупредуваат дека невработеноста може да остави трајни ефекти, како што се намалување на вработливоста на младите во подоцнежни фази од животот, помали приходи, па се до посериозни психички ефекти врз младите и е важно да биде соодветно адресирана.

[26] Соопштение по завршување на 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија, објавено 11.12.2020 година, достапно на https://vlada.mk/node/23516

[27] Информации добиени по пат на слободен пристап до информации од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

# ВТОР ДЕЛ: ЕФЕКТОТ НА КОВИД-19 КРИЗАТА ВРЗ ДОХОДОТ КАЈ МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Здружение за анализи и истражување – ЗМАИ

## Вовед

Се поголем број на истражувања покажуваат дека младите лица се повеќе погодени од КОВИД-19 пандемијата од останатите социјални групи според најразлични социо-економски параметри, меѓу кои и доходот. Овој дел од студијата се надоврзува на овие истражување и прави обид да го процени ефектот на КОВИД-19 пандемијата врз доходот на младите лица во Северна Македонија. За оваа цел, користени се податоци за месечните примања за периодот февруари-јуни 2020 година, за сите лица во државата, кои се исплаќаат преку системот за Месечна пресметка за интегрирана наплата (МПИН) на Управата за јавни приходи. Преку МПИН се исплаќаат примањата кои подлежат на придонеси за социјално осигурување (главно, плати). Ова значи дека одредени видови доход не се опфатени во анализата, како хонорарите, дивидендите, капиталните добивки, доходот од капитал и слично.  Сепак, сите овие видови на доход во најголема мера се реализираат од најдоходовните лица во државава, што значи дека нивниот доход е потценет во анализата. И покрај ова ограничување, истражувањето придонесува со значајни наоди и препораки.

## Промени кај нето примањата

Во периодот на анализа се извршиле исплати кон околу 540 илјади граѓани во Република Северна Македонија, а меѓу нив биле околу 84 илјади млади лица под 29 години (Табела 1а). За време на овие шест месеци, промените на бројот на исплати не се значајни, односно бројот на исплати е сличен од месец во месец. Дополнително, ако се разгледа динамиката на просечните нето примања низ месеците (Табела 1б), се друг интересен моменти: просечните примања кај младите константно опаѓаат со повисока стапка. Очигледно, последиците за вработените лица под 29 години се повисоки од негативните ефекти врз сите вработени поединци во државата. Конкретно, падот на просечните месечни нето примања кај младите во јуни во однос на февруари се 2,6%, додека на ниво на цела држава падот е 1,8%.

Фактот дека бројот на млади кои имале примања не се намалува низ месеците, додека нивните примања се намалуваат дава сугестија дека намалувањата се должат поради промени на работните договори, а не на губењето на работните места. Дефинитивно, младите се тие кои најчесто работат под поинакви услови, како што на пример се половина работно време или преку договори за привремена работа. МПИН образецот не содржи вакви информации и со тоа ја оневозможува деталната анализа за промените на структурата на работните договори кај младите.  Како апроксимација за

промената на работните договори е искористена промената на бројот на млади кои имале примања под минималната плата (минималната плата во истражуваниот период изнесува 14.500 денари). Причината за нејзина употреба е дека таа ги содржи сите лица чии договори преминале од договори на полно работно време во договори на пола работно време и примања под минималната. Иако ова е потценета апроксимација, бидејќи не ги содржи сите промени на договори, претставува солидна почетна точка. Резултатите, дадени во Табела 1в, покажуваат дека бројот на млади кои имале примања под минималната плата пораснал од 27.149 во месец февруари до 31.755 во месец јуни. Нивното учество во целата популација на млади кои имале примања се зголемил од околу 32% на околу 37%. Ова претставува значајно зголемување за толкав краток период.

**Табела 2: Динамика на нето примањата.**

| а) Број на исплати | | | б) Просечна нето-плата | | | в) Примања под мин. плата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Млади | Сите | Месец | Млади | Сите | Месец | Млади | % од сите млади |
| февруари | 85971 | 542295 | февруари | 19815 | 24334 | февруари | 27149 | 31,58 |
| март | 86093 | 540313 | март | 19252 | 23750 | март | 31306 | 36,36 |
| април | 83895 | 533208 | април | 18699 | 23212 | април | 34278 | 40,86 |
| мај | 84096 | 531702 | мај | 19165 | 23665 | мај | 33535 | 39,88 |
| јуни | 85859 | 532852 | јуни | 19290 | 23897 | јуни | 31755 | 36,99 |

*Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од МПИН образецот на УЈП.*

## Распределба на доход

Промените во распределбата на доходот во една економија помеѓу два периоди се анализираат со споредба на движењето на просечниот доход во различните доходовни групи во двата периоди. Класичната алатка за споредба се кривите на инциденца на раст (КИР), кои го валоризираат растот на просечниот доход во секоја доходовна група.

Табела 2 ги прикажува кривите на инциденца како функција од доходовната група во случај кога почетниот период е февруари 2020 година, а крајниот јуни 2020 година. Дополнително, во табелата е прикажана и севкупната КИР – промената на распределбата на доход во јуни во споредба со февруари и прагот за премин во повисока доходовна група. На ниво на цела држава, може да се заклучи дека 1) за целокупниот период процентуалната промена на примањата во секоја група е негативна и 2) најниската доходовна група има најмал пад на доходот, додека најголем пад има втората доходовна група. Кај младите лица преовладуваат истите карактеристики како и кај основните КИР. Меѓутоа, резултатите покажуваат и дека во сите доходовни групи, падот кај младите е значително поголем во споредба со оној на ниво на цела држава. Имено, падот е поголем за околу 10% поени во повеќето доходовни група. Единствено во најниската група се забележува позитивен раст на примањата, спротивно од основните КИР.

За да се согледа дали имало разлики во примањата за време на пандемијата помеѓу младите мажи и жени, направена е дополнителна анализа. Имено, по поделбата на лицата во доходовни групи, дополнително тие се поделени на мажи и жени. Ова резултира со

посебни КИР за мажи и жени. Тие се, исто така, прикажани на Табела 2. Повторно, за споредба, дадени се КИР по пол на ниво на цела држава. Половата поделба дополнително открива дека во овој период значително повеќе се намалиле примањата кај младите жените во споредба со младите мажи и тоа за околу 3% поени повеќе во секоја доходовна група освен најниската. Разликата на намалувањата на примањата е многу поголема кај младите жени во споредба со останатите жени во Република Северна Македонија, отколку кај младите мажи во споредба со мажите во Република Северна Македонија. Конкретно, стапката на пад на примањата кај младите жени е поголема за речиси 5% поени во секоја доходовна група, освен најниската, во споредба со останатите жени во државава. Кај мажите, стапката на пад на платите е помала за околу 3% во секоја доходовна група.

**Табела 2. Полова структура на КИР кај младите во РСМ (февруари-јуни 2020)**

| Доходовна група | Млади | Сите | Жени (млади) | Жени (сите) | Мажи (млади) | Мажи (сите) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0%-10% | 9,28 | -3,51 | 5,45 | -5,93 | -5,50 | -1,65 |
| 10%-20% | -14,58 | -8,06 | -18,15 | -9,55 | -9,11 | -6,77 |
| 20%-30% | -11,21 | -5,68 | -13,97 | -6,65 | -6,30 | -4,59 |
| 30%-40% | -9,65 | -7,20 | -12,91 | -7,66 | -9,99 | -6,02 |
| 40%-50% | -11,05 | -7,34 | -13,90 | -9,31 | -10,48 | -6,03 |
| 50%-60% | -12,05 | -6,35 | -14,42 | -9,05 | -9,42 | -4,62 |
| 60%-70% | -11,37 | -5,87 | -13,20 | -7,33 | -6,39 | -4,67 |
| 70%-80% | -8,03 | -4,32 | -10,61 | -4,84 | -5,06 | -3,67 |
| 80%-90% | -7,76 | -3,74 | -10,56 | -4,96 | -7,22 | -3,34 |
| 90%-100% | -8,74 | -7,29 | -7,04 | -7,50 | -7,50 | -11,90 |

*Извор: Пресметки на авторите врз база на податоци од МПИН образецот на УЈП.*

## Заклучок

Општо гледано, резултатите покажуваат дека ефектот на КОВИД-19 кризата врз примањата на младите е во насока на зголемување на нееднаквоста помеѓу нив и останатите демографски групи. Ова понатаму значи и дека наредните мерки за поддршка треба да бидат дизајнирани на таков начин што ќе обезбедат поголема нивна заштита.

# ПРЕПОРАКИ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЗИЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ПРИ КОВИД-19 КРИЗАТА
Група младински организации

## Генерална препорака

Групата на организации кои работеа на овој документ упатуваат генерална препорака до сите надлежни институции, односно оние под чија надлежност се креирањето и спроведувањето на мерките, да работат повеќе на нивната меѓусебна координација во смисла на поголема соработка кога станува збор за спроведување на мерките, но и поголема меѓу институционална соработка во смисла на обезбедување и размена на податоци. Оваа препорака произлегува од фактот што тимот кој што работеше на документот се соочи со потешкотии во обезбедување на податоците, каде што одредени институции повеќепати ги препраќаа меѓу себе барањата за пристап до информации до слободен карактер, префрлајќи си ја одговорноста, што резултираше со недостаток со точни бројки и информации за одредени владини мерки. Оттаму, сметаме дека за соодветен фокус и организација околу политиките за млади во време на КОВИД-19, потребно е формирање на координативно тело за младински прашања помеѓу институциите кои делуваат во оваа област и детално и јасно утврдување на надлежности на институциите кога станува збор за спроведување на мерките во врска со младите. Финално, препорачуваме надлежните институции да го следат исполнувањето на мерките преку нивната целесообразност и ефективност, а во насока на намалување на ефектите од пандемијата врз младите луѓе. Потребно е институциите да стекнат институционална меморија, пракса и знаење за во идно навремено и ефективно делување за да се превенираат штетите и лошите искуства врз младите.

## I. Невработеност и економски ефекти

### 1. Мерки за олеснување на младинското (ре)вработување

Препорачуваме државата да води евиденција за сите млади кои ја изгубиле работата за време на кризата. Овие лица потребно е да се опфатат со мерки за вработување, доквалификување или преквалификување во најскоро време по губењето на нивното работно место. По примерот на мерката за ваучер за домашни производи и ИТ обуки, препорачуваме во рок од 6 месеци од прекинувањето на работниот ангажман да се обезбеди финансиска поддршка на овие млади. Во оваа препорака ги вбројуваме и мерките кои треба да ги креираат и спроведат Агенцијата за вработување на Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика, а се однесуваат на олеснување на давачките на работодавците кои ќе вработат млади лица. Препорачуваме

да бидат предвидени конкретни мерки за младинско (ре)вработување во оперативниот план за вработување за 2021 на Агенцијата за вработување која сè уште не е изготвена.

## 2. Поврат на персонален данок кај младите лица

Препорачуваме државата да креира и спроведе политика со која младите луѓе, односно лицата до 29 години кои се вработени ќе бидат ослободени од плаќање на персоналниот данок. Начинот на којшто би се спровело тоа е така што работодавците ќе го плаќаат данокот за своите вработени, а државата тој износ директно ќе го врати на младите луѓе кои се вработени. Со ова се овозможува поголема потрошувачка моќ на младите, зголемени лични приходи и поголема мотивираност за конкурирање на пазарот на трудот.

## 3. Ваучери за домашна потрошувачка на оние млади на кои им се најпотребни

Доделување на ваучери за домашна потрошувачка да биде на оние кои најмногу им се потребни. Препорачуваме ваквите видови мерки каде што граѓаните добиваат еднократна парична помош да бидат првенствено наменети за оние граѓани кои имаат ниски примања или се дел од семејство или заедница со ниски примања. Со ова државата ќе може да одвои повеќе средства за секое индивидуално лице, но и најважно средствата ќе завршат онаму каде што највеќе ќе бидат потребни. Економскиот и финансискиот статус на лицата, односно семејствата можат да бидат проверени, односно дознаени со помош на Управата за јавни приходи која треба да биде еден од клучните партнери во креирање на оваа мерка.

## Останати препораки во оваа област се:

- Поддршка за млади уметници и културни работници;
- Изработка на меѓу-институционален план за вработување на млади;
- Превенирање на последиците од младинска невработеност во најпогодените сектори и
- Заштита на плата.

# II. Образование

## 1. Грижа сите деца да добијат пристап до образование во услови на пандемија

**Процена на бројката на ученици кои не следат настава поради тоа што немаат интернет/технологија и обезбедување услови за учество во образовниот процес**

Имајќи го предвид сериозниот предизвик со кој се соочи државата при спроведување на далечинската настава, особено во немањето пристап на одредени ученици до далечинската настава, државата треба да направи детална анализа за да го утврди бројот на ученици кои поради недостаток на технички помагала не се во можност да ја следат наставата. Со ова ќе се утврдат бројките на ученици кои не следат настава и постават индикатори за да се направи соодветна политика за обезбедување пристап до технологија за следење настава на сите млади, особено учениците во задолжителните степени на образование.

**Мапирање и вклучување на деца кои не се во образовен систем**

Основното и средното образование се задолжителни за сите граѓани во државата, меѓутоа, сѐ уште се има деца кои се надвор од образовниот процес. Потребно е Министерството за образование и наука, во соработка со МТСП и МВР да направи детална анализа и мапирање на овие деца, а со цел располагање со точен број врз основа на кој потоа може да се креираат политики, решенија и мерки за нивно (ре)вклучување во образовниот процес.

## 2. Обезбедување на еднаквост во пристапот до образование на ученици со попреченост

Потребно е да се осигура брз и еднаков пристап преку законските и процедуралните услови, за сите ученици кои имаат потреба да можат да добијат образовни асистенти, а со цел непречен пристап до образование. За да се обезбеди еднаков пристап до образование на сите ученици потребно е зголемување и на нивото на инклузивност во образовниот процес преку обезбедување на учебници со брајово писмо и онлајн достапни образовни содржини на знаковен јазик. Образовните содржини креирани на Националната платформа за учење на далечина не беа достапни на мајчините јазици на некои од задниците во државата, за што беше донесена одлука на Народниот правобранител врз основа на претставка поднесена од граѓански активист, каде што е констатирано дека на учениците од ромска и влашка заедница се дискриминирани поради недостапноста на наставата на нивниот мајчин јазик.

Образовните содржини кои се емитуваат на националните телевизии и образовната платформа ЕДУИНО сѐ уште не се приспособени и за учениците со оштетен слух со што овие ученици се доведуваат во неповолна и неправична положба и им е оневозможено правото да ги следат образовните содржини.

Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика треба да ги решат овие недостатоци и да ја подобрат пристапноста на образовните платформи за зголемување и подобрување на инклузивноста во образовниот процес.

### 3. Дигитализација на образовните содржини

Потребно е значајните образовните содржини како учебниците и учебните помагала во основното, средното и високото образование да се дигитално достапни, на страниците на институциите или оние креирани за образование на далечина. Со ова ќе се осигура олеснет пристап на учениците и студенти до наставните содржини. Препорачуваме Министерството за образование и наука да ги обезбеди потребните авторски права на учебниците за креирање на онлајн дата-база од образовните содржини, а во соработка со државните универзитети да направи дата-бази од образовни содржини во високото образование.

### Останати препораки во оваа област се:

- Обезбедување на дополнителни и вонnаставни активности.
- Креирање безбедна онлајн средина за наставници и ученици.

## III. Психо-социјални и здравствени последици

### 1. Обезбедување психолошка поддршка на учениците од страна на стручните служби

Во услови кога средношколците и повеќето ученици во основните училишта наставата ја следат целосно од дома, имаат помалку контакт со училиштата и психолошко-педагошките тимови, потребно е да се обезбеди информираност и достапност на училишните психолози за средби со учениците. Она што првично треба да се направи е информирање на учениците во сите класови низ училиштата за механизмите преку кои можат да се обратат до психолозите во училиштата, а во исто време и да се креира и обезбеди простор на онлајн платформите за образование на кој ќе може да се случуваат овие средби на барање на учениците и по препораки на професорите. Стручните служби

како психолозите и педагозите треба да бидат подостапни за учениците, нивните контакти да бидат на веб-страниците на училиштата и да им овозможуваат простор за сесии и разговор, а со цел подобрување и зачувување на менталното здравје. Препорачуваме Бирото за развој на образование во соработка со МОН да изработат насоки за давање психолошка поддршка на учениците. Препорачуваме и усвојување на дополнителни правила/протоколи во училиштата со кои ќе се препознаат дискриминацијата и меѓуврсничкото насилство врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет.

### 2. Обезбедување на сервис (линија) за психолошка поддршка

Со оваа препорака, а следејќи го примерот на креирањето на линија за психолошка поддршка на КОВИД-19 пациентите, сакаме да посочиме дека е потребно креирање на телефонска линија за психолошка поддршка на млади, која ќе работи на национално ниво. Психолошкото советување е потешко достапно за младите во помалите градови, а средствата кои се потребни за покривање на овие сесии за советување не секогаш се во рамки на буџетот на младите.

Целта на препораката е преку бесплатен повик, младите кои се наоѓаат во криза, имаат потреба да поразговараат со психолози и професионални лица да можат да ја искористат оваа линија. Надлежни институции кои треба да ја креираат и спроведат оваа мерка се Министерството за здравство, Агенцијата за млади и спорт како и Министерството за труд и социјална политика.

### 3. Обезбедување на културно забавни активности според КОВИД протоколи

Во насока на подобрување на квалитетот на животот на младите на локално ниво, зголемување на можностите за социјална интеракција и следење на културните случувања, препорачуваме на локално ниво да се поддржат уметници кои ќе креираат изложби и културни настани, во согласност со препораките за заштита на здравјето од КОВИД-19. За оваа цел е добро да се оствари соработка со домовите на култура и преку отворени повици да се размисли за креирање на локални и регионални проекти кои ќе бидат од корист и интерес на младите. Како надлежни институции кои треба да ја креираат и спроведат оваа мерка се Министерството за култура и локалните самоуправи.

**Останати препораки во оваа област се:**

- Креирање на психо-едукативна веб-платформа за млади и
- Отворање и поддршка на постоечките шелтер центри - за советување и заштита на жртвите на семејно и сексуално насилство.

## IV. Младинска ангажираност и волонтирање

### 1. Имплементација и мониторинг на Закон за младинско учество и младински политики

За да се обезбеди ефикасна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, а уште поважно и за да се обезбеди квалитетно младинско организирање и претставување, препорачуваме Агенцијата за млади и спорт како надлежна институција за спроведување на овој закон да започне што поскоро со имплементацијата на законот, а со цел овозможување на законски загарантираното младинско учество.

### 2. Креирање на нова национална стратегија за млади

Моменталната национална стратегија за млади е со истечен рок за имплементација, истата не е повеќе обврзувачки документ за институциите и не одговара на моменталните потреби на младите. Потребно е да се креира меѓу-секторски документ во кој ќе бидат вклучени и младинските организации и организациите за млади кој ќе дефинира приоритети во за младите и ќе ги адресира последиците кои КОВИД-19 кризата ги остава врз младинското секојдневие.

### 3. Креирање на политики за млади и вклучување на младите и младинските организации во процесот на креирање на младински политики.

Имајќи предвид дека голем дел од мерките беа креирани како чадор политики, односно политики кои беа наменети за поголема група на луѓе, потребно е младите да бидат вклучени во процесите на креирање на политики кои директно се однесуваат на нив, а од областа на образованието, невработеноста, менталното здравје и слично.

Останати препораки во оваа област се:

- Поддршка на младински и организации за млади.

--

**Организациите автори на овој документ во моментов изработуваат и опсежна анализа и верзија од овој документ која наскоро ќе биде достапна на јавноста и на институциите. Претставниците на овие организации укажуваат дека се заинтересирани и достапни за средби со надлежните институции каде што истите ќе имаат можност да бидат детално и суштински запознаени со наодите и препораките од документот, а со цел креирање на политики кои ќе ги превенираат, односно намалат штетите од пандемијата врз младите.**